
Систем за менаџирање на хотел

Со конкретниот систем за менаџирање на хотел се врши управување и мониторинг на: вентилоконвекторско греење и ладење, осветлување, електрични апарати, штекери и контрола на пристап во секоја од собите на хотелот. Следењето и задавањето на параметрите за секоја од собите се врши преку веб базиран софтвер во реално време при што постои можност за управување преку персонален компјутер.

Најава во систем

На слика 1 е даден екранот за најава во системот.




Сл. 1

За да се најави успешно во системот потребно е корисникот да внесе точно корисничко име и точна лозинка и да притисне на копчето **Најави се**. Во спротивно системот ќе спречи најава и ќе го извести корисникот за природата на грешката која е направена при внесувањето на податоците. Има два типа на корисници на системот: администратор и оператор.


Корисник - администратор

Откако администраторот успешно ќе се најави, се појавува основниот екран на системот (Слика 2).



Сл. 2

Лево на основниот екран се наоѓа мени со четири опции: **Соби**, **Пристап**, **Греење/Ладење** и **Извештаи**. Во горниот дел на екранот има лента на која се прикажани избраната опција од страничното мени и времето и датумот. Десно на оваа лента се наоѓаат две икони . Првата икона служи за промена на лозинка за најава во системот, а втората икона служи за одјава од системот. При промена на лозинка на екранот се појавува картица дадена на слика 3. За да ја смени постоечката лозинка, корисникот треба да ја внесе истата, да внесе нова лозинка и да ја потврди. Должината на лозинките може да биде од 5 до 8 знаци. Со притискање на копчето **OK** и доколку претходно биле внесени валидни параметри, ќе се појави pop-up прозорец кој ќе го извести корисникот дека лозинката е успешно променета.



Сл. 3

- Соби

При избор на опцијата **Соби**, на екранот се прикажуваат нумерирани полиња за секоја од постоечките соби во хотелот (Слика 2). Секое поле содржи графички симболи кои даваат информација за:


- зафатена/слободна соба
- присуство на клиент во соба
- притиснат SOS тастер во соба

Во табела 1 е дадена легенда за значење на графичките симболи што се наоѓаат во полињата за соби.

Зафатена соба	
Слободна соба	
Има клиент во соба	
Нема клиент во соба	
притиснат SOS тастер во соба	

Табела 1

Со бирање на поле за определена соба, на екранот се прикажува соодветна картица (Слика 4). Од овде администраторот следи одредени информации и додава/брише RFID клиентски картици за конкретната соба




Сл. 4

Во првиот ред ќе се прикаже аларм доколку е притиснат SOS тастер во собата. Истиот се исклучува преку копчето **ACK**. Овде е дадена и амбиенталната температура во собата. Во вториот ред се прикажани статус на контактор за довод на електрична енергија за собни уреди и статус на команден напон за фенкојлерот. Третиот ред содржи информации за: зафатеност на соба, присутност на клиент, статус на врата и статус на прозорец. Во табела 2 е дадена легенда за значење на графичките симболи што може да се најдат на картицата.

Во полињата **Рачно Уреди** и **Рачно ФЦУ** ако соодветните лизгачки копчиња се во состојба **ДА**, тогаш администраторот може рачно да го вклучува/исклучува напонот за собните уреди и за фенкојлерите.

Додавање на клиентски картици во системот се врши преку копчето **Додади Клиент**. Откако администраторот ќе притисне на копчето има временско ограничување од 15 секунди во кое треба да ја назначи картицата, при што истата се прикажува на екранот во табела. За секоја внесена клиентска картица администраторот дефинира име и презиме на


клиент, краток опис и временски интервал во кој е валидна. По завршување на дефинираниот временски интервал клиентската картица се брише од системот и може повторно да се користи за издавање на друг клиент за било која слободна соба. За секоја соба може да се додадат најмногу пет клиентски картици. Со копчето **ОК** се зачувуваат направените подесувања и се затвора картицата за соодветната соба.

Притиснат SOS тастер		
Амбиентална температура по зона		
Контактор за довод на електрична енергија	Активен	Неактивен
		
Команден напон за фенкојлери	Активен	Неактивен
		
Зафатеност на соба	Зафатена	Слободна
		
Присутност на клиент во соба	Има	Нема
		
Статус на врата	Отворена	Затворена
		
Статус на прозорец	Отворен	Затворен
		

Табела 2

- Пристап

Со избор на опцијата **Пристап** на екранот се појавува картица за менаџмент на пристап дадена на слика 5. Во првото поле администраторот преку две паѓачки менија дефинира време на влегување (check-in) и време на напуштање (check-out) на соби.




Сл. 5

Преку оваа картица администраторот може да додава и брише RFID картици во системот за корисници од тип администратор или хигиеничар. Додавање на картици за администратор/хигиеничар се врши преку копчето **Додади Администратор/Хигиеничар**. Откако администраторот ќе притисне на копчето има временско ограничување од 15 секунди во кое треба да ја назначи картицата, при што истата се прикажува на екранот во табела. За секоја ново внесена картица се доделува име на корисник, краток опис и тип (администратор/хигиеничар). Доколку картицата е од тип администратор, со истата може да се влегува во сите соби, дури и кога во собата е присутен клиент. Доколку картицата е од тип хигиеничар, со истата може да се влегува во сите соби, но само ако во собата не е присутен клиент.

Од оваа картица администраторот има опција и за бришење на сите доделени клиентски картици во системот, преку копчето **Избриши сите клиенти**. Со притискање на копчето **ОК** ќе се зачуваат направените промени и ќе се затвори картицата.

- Греење/Ладење

Со избор на оваа опција, на екранот се прикажува картица (Слика 6) која служи за генерален избор на режим на работа за системот за климатизација и за подесување на генерална температура.



Сл. 6

Во првото поле се прикажани моменталниот режим на работа на системот за климатизација и зададената генерална температура. Во полето **Режим** преку паѓачко мени администраторот го бира режимот во кој сака да работи системот за климатизација (исклучен/греење/ладење), а во полето **Зададн температура** ја задава саканата генерална температура во опсег од 15°C до 30°C. Со зададениот режим на работа и зададената генерална температура администраторот го ограничува управувањето на фенкојлерите од страна на клиентот преку сидниот термостат во собата. Доколку системот работи во ладење(греење) клиентот не може да зададе пониска(повисока) температура од генералната. Со кликнување на копчето **ОК** се зачувуваат направените подесувања за системот и се затвора картицата.


Во табела 3 е дадена легенда за значење на графичките симболи што може да се најдат на картицата Греење/Ладење.

Зададен генерален режим на работа	Исклучен	Греење	Ладење
Зададена генерална температура			

Табела 3

- Извештаи

Со бирање на опцијата **Извештаи** од страничното мени, на екранот се прикажува картица дадена на слика 7.



Сл. 7

На оваа картица се наоѓа табела што содржи хронолошки извештај за логови од хотелските соби. Овде администраторот листа извештаи според следните филтри:

- Соба
- Лог
- Датум ОД
- Датум ДО


Откако ќе ги избере бараните филтри од паѓачките менија, администраторот притиска на копчето **Барај**. Притоа, во табелата ќе се излистаат записи што ги содржат следниве информации:

- RFID
- соба
- тип на корисник
- тип на лог
- име и презиме на клиент
- дополнителна информација за клиент
- датум и време на креирање на лог

Доколку администраторот сака, преку копчето **Excel** може да ја зачува избраната табела во компјутерот.


Корисник - оператор

Откако операторот успешно ќе се најави во системот, се појавува екран на кој се претставени нумерирани полиња за сите постоечки соби во хотелот (Слика 8).



Сл. 8

Во горниот дел на екранот има лента на која се прикажани времето и датумот. Десно на оваа лента се наоѓаат две икони . Првата икона служи за промена на лозинка за најава во системот, а втората икона служи за одјава од системот. При промена на лозинка на екранот се појавува картица дадена на слика 9. За да ја смени постоечката лозинка, операторот треба да ја внесе истата, да внесе нова лозинка и да ја потврди. Должината на лозинките може да биде од 5 до 8 знаци. Со притискање на копчето **OK** и доколку претходно биле внесени валидни параметри, ќе се појави pop-up прозорец кој ќе го извести корисникот дека лозинката е успешно променета.



Сл. 9

Полињата за соби содржат графички симболи преку кои операторот добива информација за:


- зафатена/слободна соба
- присуство на клиент во соба
- притиснат SOS тастер во соба

Во табела 4 е дадена легенда за значење на графичките симболи.

Зафатена соба	
Слободна соба	
Има клиент во соба	
Нема клиент во соба	
притиснат SOS тастер во соба	

Табела 4

Со бирање на поле за определена соба, на екранот се прикажува соодветна картица (Слика 10). Од овде операторот следи одредени информации и додава/брише RFID клиентски картици за конкретната соба.




Сл. 10

Во првиот ред ќе се прикаже аларм доколку е притиснат SOS тастер во собата. Истиот се исклучува преку копчето **АСК**. Овде е дадена и амбиенталната температура во собата. Во вториот ред се прикажани статус на контактор за довод на електрична енергија за собни уреди и статус на команден напон за фенкојлерот. Третиот ред содржи информации за: зафатеност на соба, присутност на клиент, статус на врата и статус на прозорец. Во табела 5 е дадена легенда за значење на графичките симболи што може да се најдат на картицата.

Во полињата **Рачно Уреди** и **Рачно ФЦУ** ако соодветните лизгачки копчиња се во состојба **ДА**, тогаш операторот може рачно да го вклучува/исклучува напонот за собните уреди и за фенкојлерите.

Додавање на клиентски картици во системот се врши со притискање на копчето **Додади Клиент**. Откако администраторот ќе притисне на копчето има временско ограничување од 15 секунди во кое треба да ја назначи картицата, при што истата се прикажува на екранот во табела. За

секоја внесена клиентска картица операторот дефинира име и презиме на клиент, краток опис и временски интервал во кој е валидна. По завршување на дефинираниот временски интервал клиентската картица се брише од системот и може повторно да се користи за издавање на друг клиент за било која слободна соба. За секоја соба може да се додадат најмногу пет клиентски картици. Со копчето **ОК** се зачувуваат направените подесувања и се затвора картицата за соодветната соба.

Притиснат SOS тастер		
Амбиентална температура по зона		
Контактор за довод на електрична енергија	Активен	Неактивен
		
Команден напон за фенкојлери	Активен	Неактивен
		
Зафатеност на соба	Зафатена	Слободна
		
Присутност на клиент во соба	Има	Нема
		
Статус на врата	Отворена	Затворена
		
Статус на прозорец	Отворен	Затворен
		

Табела 5